*УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ*

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.**

Овој лек се издава без рецепт за третман (ублажување) на полесни здравствени проблеми за кои не е потребен совет од лекар. И покрај тоа, треба внимателно да го употребувате овој лек за да Ви биде што повеќе од корист.

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Советувајте се со Вашиот фармацевт ако Ви се потребни дополнителни информации.*
- *Ако симптомите на Вашата болест не се подобрат во текот на неколку дена, тогаш мора да појдете на лекар.*

**Упатството за пациентот содржи:**

1. *Што претставува Витамин $Б_6$ и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете, пред да го употребите Витамин $Б_6$*
3. *Како да го употребувате Витамин $Б_6$*
4. *Можни несакани дејства*
5. *Чување и рок на употреба на Витамин $Б_6$*

**Vitamin $B_6$ / Витамин $Б_6$ 20 mg таблети**

pyridoxine

Активна супстанција: пиридоксин хидрохлорид.

Помошни супстанции: лактоза монохидрат, микрокристална целулоза, коповидон, натриум скроб гликолат, магнезиум стеарат.

Назив, седиште и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет:

РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ Скопје, ул. Козле 188, 1000 Скопје, Република Македонија

Назив, седиште и адреса на производителот на лекот:

РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ Скопје, ул. Козле 188, 1000 Скопје, Република Македонија

**1. Што претставува Витамин $Б_6$ и за што се употребува**

1 таблета содржи 20 mg пиридоксин хидрохлорид.

Содржина на пакувањето:

Кутија со 20 таблети од 20 mg во блистер пакување.

Активна супстанција во Витамин $Б_6$ таблетите е пиридоксин хидрохлорид. Тој е витамин растворлив во вода, што се сретнува во три форми: пиридоксин, пиридоксал и пиридоксамин. Како активна форма, пиридоксал фосфат е неопходен во метаболизмот на протеините. Игра важна улога во метаболизмот на мастите, во

формирањето на хемоглобинот, како и во метаболизмот на аминокиселините нијацин и триптофан.

Витамин Б$_6$ таблетите се употребуваат за:

- Превенција и терапија на состојби на недостиг на пиридоксин.

При следните состојби потребите за витамин Б$_6$ се зголемени и потребно е негово дополнително внесување: алкохолизам, изгореници, конгестивна срцева слабост, хронична треска, гастректомија, хемодијализа, хипертироидизам, инфекции, цревни заболувања (целијакија, дијареја, регионален ентеритис, спру), малапсорпциски синдром, пролонгиран стрес.

Зголемени се потребите и при некои невообичаени диети, кај пациентите кои примаат тотална парентерална исхрана или кои брзо губат телесна тежина, или, пак пациенти со малнутриција, како и при бременост, доење, и кај постари лица.

- Пиридоксин зависен синдром.

Вродени метаболни нарушувања (цистатионурија, хомоцистинурија, хипероксалурија, ксантуренична ацидурија), идиопатска сидеробластична анемија, пиридоксинска зависност кај деца, petit mal епилептоформни грчеви, хиперкинетски синдром кај деца.

- Периферен невритис предизвикан од употреба на други лекови.

Употребата на следните лекови може да предизвика ниски нивоа на витамин Б$_6$: циклосерин, хидралазин, изонијазид, пенициламин и естрогени и орални контрацептиви кои содржат естрогени.

- Пиридоксинот, исто така е ефикасен за терапија на акни, себороичен дерматитис, хиперлипидемија, радијациска болест, астма, хиперемезис гравидарум (повраќање во тек на бременост), за терапија на предменструален синдром, вртоглавица, синдромот на аменореја-галактореја и на синдромот на карпален тунел.

**2. Што треба да знаете пред да го употребувате Витамин Б$_6$**

**Немојте да го употребувате Витамин Б$_6$ ако:**

- сте алергични на пиридоксин или било која друга составна компонента на лекот;
- истовремено сте на терапија со леводопа.

**Бидете посебно внимателни со Витамин Б$_6$ ако:**

- сте бремена, имате намера да забремените или ако доите.

Зборувајте со Вашиот лекар или фармацевт пред упоптреба на Витамин Б$_6$.

**Употребување на Витамин Б$_6$ со храна и со напиток**

Следете ги препораките на Вашиот лекар доколку сте ставени на специјална диета. Лебот и житарките од полно зрно, рибата, зеленчукот, гравот и црвеното месо се добри извори на витамин Б$_6$ во исхраната.

Витамин Б$_6$ таблетите може да се земаат со или без храна или пијалак.

**Бременост**

*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*

Кажете му на Вашиот лекар ако сте бремени (или мислите дека можеби сте бремени).

Не се забележани несакани дејства кога лекот се применува во препорачаните дози. Употребата на големи дози за време на бременоста може да предизвика пиридоксин зависен синдром кај новороденчето.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ

**Доење**

*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*

Не се забележани несакани дејства кога лекот се применува во препорачаните дози.

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**

Витамин Б$_6$ не влијае врз способноста за возење или ракување со машини.

**Важни информации за некои составни компоненти на Витамин Б$_6$**

Витамин Б$_6$ таблетите содржат лактоза. Ако Ви е кажано од Вашиот лекар дека не поднесувате некои шеќери, пред да го употребите овој лек контактирајте го лекарот.

**Употребување на други лекови**

Ве молиме да имате во предвид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние производи што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.

Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.

Особено е важно ако земате некој од следните лекови:

- леводопа, лек кој се употребува за лекување на Паркинсонова болест;
- циклосерин, етионамид, изонијазид, лекови кои се употребуваат во лекување на туберкулоза;
- имуносупресиви, лекови за лекување на одредени проблеми со имунолошкиот систем;
- орални контрацептиви;
- хидралазин, лек кој се употребува за лекување на висок крвен притисок;
- пенициламин, лек кој се употребува во лекување на артритис и други состојби;
- фенобарбитон, лек кој се употребува против конвулзии (пиридоксинот ја намалува неговата концентрација).

**3. Како да се употребува Витамин Б$_6$**

Секогаш земајте го лекот онака како што Ви пропишал лекарот или како што е наведено во упатството. Ако не сте сигурни, консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт.

Возрасни

Вообичаено дозирање при состојби на недостиг на витамин Б$_6$ е 1-2 таблети, до 3 пати на ден.

Деца

Вообичаено дозирање при состојби на недостиг на витамин Б$_6$ е 1-2 таблети дневно.

При останатите состојби кои се лекуваат со витамин Б$_6$, дозирањето и времетраењето на лекувањето ги одредува Вашиот лекар во зависност од тежината на заболувањето.

*Ако имате впечаток дека ефектот на Витамин Б$_6$ е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако сте земале поголема доза Витамин Б$_6$ отколку што треба**

Ако сте земале поголема доза отколку што треба, веднаш разговарајте со Вашиот лекар или фармацевт! Соодветни мерки ќе бидат превземени во зависност од степенот на предозираност.

**Ако сте заборавиле да земете Витамин Б$_6$**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ

Ако сте испуштиле или заборавиле да го земете лекот, земете го што побрзо. Ако се приближува времето за наредната доза, почекајте, не ја земајте пропуштената доза но земете ја наредната доза.
*Не земајте наеднаш двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.*
**Ефекти кога престанува третманот со Витамин Б$_6$**
Лекот земајте го онолку долго колку што Ви пропишал лекарот.
При нагло престанување со земањето на овој лек, не се очекуваат негативни последици. Во секој случај, се препорачува да се почитува терапевтскиот режим, а за прекинување на терапијата, доколку е потребно, посоветувајте се со Вашиот лекар.

**4. Можни несакани дејства**
*Како и сите лекови, Витамин Б$_6$ може да има несакани дејства, кои не се јавуваат кај секој пациент.*
Доколку земате големи дози на Витамин Б$_6$ во тек на подолг временски период, може да Ви се појават проблеми со нервите (периферен невритис). Еден од симптомите на периферниот невритис може да биде боцкање и трпнење.
Сериозна алергиска реакција на лекот настанува исклучително ретко, но доколку се појави веднаш побарајте медицинска помош. Симптомите на сериозна алергиска реакција вклучуваат: исип, чешање/отоци (особено на лицето, јазикот или грлото), вртоглавица и потешкотии при дишењето.
Ако било кое несакано дејство станува сериозно или ако забележите несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

**5. Чување на Витамин Б$_6$**
Да се чува на температура до 25°C.
Да се чува во оригинално пакување.
**Лекот чувајте го на места недостапни за деца.**
**Рок на употреба**
*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.*
**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава и/или да се продава, без рецепт.
**Датум на последната ревизија на внатрешното упатство**
10/2017
**Број на решението за ставање на лекот во промет**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ